# Програми за сторители во Западен Балкан

## Мапирање на постојните практики и начини за напредување



ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

# Северна Македонија

Funded by
the European Union

www.work-with-perpetrators.eu

UN WOMEN

Програми за сторители во Западен Балкан;
Мапирање на постојните практики и начини за напредување

Автори: Сандра Јовановиќ Белотиќ
Берта Вал

Предложено цитирање: Jovanović, S. & Vall, B. (2022). *Perpetrator Programmes in the Western Balkans; Mapping the Existing Practices and Ways Forward. Executive summary. North Macedonia.* Berlin: The European Network for the Work With Perpetrators of Domestic Violence (WWP EN).

Уредник: Ирена Знидаршиќ Трбојевиќ
Графички дизајн: Моника Медви

© 2022, European Network for the Work with Perpetrators of Domestic
Leunaer Straße 7, 12681 Berlin
ISBN 978-92-990091-2-3
www.work-with-perpetrators.eu

Извештајот е изработен во рамките на проектот СТОП – „Поддршка на спроведување на програмите за сторители на насилство врз жените и семејно насилство во Турција и Западен Балкан“. Проектот го води Европската мрежа за работа со сторители на семејно насилство-WWP EN во партнерство со ОН-Жени (UN Women) како дел од регионалната програма за ставање крај на насилството врз жените во Западен Балкан и Турција *„Спроведување норми, менување умови“*, финансирана од Европската Унија.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина е исклучива одговорност на WWP EN и не мора нужно да ги одразува ставовите на Европската Унија.

Содржината на оваа публикација не ги одразува ставовите на UN Women, Извршниот одбор или земјите-членки на Обединетите нации. Ознаките во оваа публикација не имплицираат мислење за правниот статус на која било земја или територија, нејзините власти или разграничување на границите. Текстот не е уреден според официјални стандарди за објавување и UN Women не прифаќа одговорност за грешки.

# Контекст и регионални препораки

Во Извршното резиме, наведени се клучни препораки за идно развивање програми за сторители. Тоа се заснова врз регионалното истражување претставено во извештајот „Програми за сторители во Западен Балкан; Мапирање на постојните практики и начини за напредување“.

Истражувањето имаше за цел да собере информации за постојните програми за сторители во Западен Балкан, нивните карактеристики и степенот на усогласеност со европските стандарди за квалитет и со Истанбулската конвенција. Освен тоа, неговиот фокус беше анализа на процесот на имплементација на член 16 од Истанбулската конвенција во секоја земја. Истражувањето опфати 26 програми за сторители и 21 услуга за поддршка на жените кои доживеале родово-базирано и семејно насилство во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

Иако ситуацијата во секоја земја е различна, во текот на истражувањето беа идентификувани неколку трендови кои укажуваат на потреба од подобрување во смисла на пристап до програми за сторители и обезбедување квалитет, унапредување на координираните политики и соработка со службите за поддршка на жените, подобрување на родовата перспектива и примена на минимум стандарди во пракса.

Програмите за сторители се законски дефинирани во сите земји, но нивната имплементација во пракса е недоразвиена. Постојните мерки или санкции ретко се наметнуваат и недостигаат достапни услуги. Во ниту една земја не постои конкретно, одржливо, државно финансирање на програмите за сторители. Во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, развиени се многу програми на тој начин што се додадени во работата на веќе вработени стручни лица од одредени државни служби, но не како специјализирана услуга. Националните рамки во Босна и Херцеговина и Црна Гора одразуваат клинички, а не родово информиран пристап кон насилството. Програмите се сместени во центри за ментално здравје и главно се применуваат во духот на практиката за ментално здравје, особено во Црна Гора.

Разновидноста на програми во регионот е мала во смисла на начини за вклучувањево програмите, како и во смисла на нивна пристапност за разни типови корисници. Не постојат конкретни програми за осудени сторители во затворски контекст, освен пилот-иницијативите во Србија и работата иницирана од НВО во Албанија. Исто така, не постојат конкретни програми за сторители на сексуални деликти дефинирани во член 16 од Истанбулската конвенција. Нема конкретен пристап или програма за други типови сторители, како што се злоупотребувачи на деца, жени-сторители и сторители на семејно насилство во други односи.

Земјите направиле малку во однос на обезбедување квалитет кај работата со сторителите. Стандардите се усвоени само во Северна Македонија, додека во Србија и Албанија, постојните стандарди не се усвоени. Во Црна Гора, изготвени се Упатства за спроведување на заштитната мерка за задолжителен психосоцијален третман, кои претставуваат вреден ресурс, но повеќе се збир од упатства за професионалци отколку реални стандарди. Организациите што работат на терен ги здружиле напорите во национални мрежи во Србија и Албанија, но, нивната улога во процесот на обезбедување квалитет сѐ уште не се препознава. Во ниедна земја не постои системска евалуација на програмите, освен за проектните иницијативи на неколку невладини организации.

* За Европската Унија, оваа ознака не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за прогласувањето независност на Косово. За UN Women, спомenувањата на Косово се подразбираат во контекст на Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност на ОН.

**Подобрувањето на пристапноста на програмите за сторители и обезбедувањето на нивниот квалитет** се неопходни чекори за натамошно развивање програми за сторители во регионот. Овие чекори треба да ги предводат надлежните владини субјекти, бидејќи државата игра клучна улога во дефинирањето на рамката во секоја земја. Главните препораки во овој аспект се:

- Развивање програми за сторители како специјализирани услуги, каде спаѓа и распределба на конкретни и одржливи текови на средства (а не само да се додадат во постојниот делокруг на работа на одредени стручни лица или институции).
- Државите треба да се погрижат програмите да се сместат во најсоодветните сектори, кои ќе овозможат нивно ширење во согласност со меѓународните стандарди за безбедна практика.
- Постои итна потреба да се зголеми бројот на достапни програми во регионот.
- Програмите што се спроведуваат во затворите треба да се прошират од општи активности за корекција на однесувањето кон конкретни програми за осудените сторители кои извршиле насилство врз жените и семејно насилство.
- Развивање конкретни програми за сторители на сексуални деликти.
- Развивање конкретни програми/пристапи за потребите на работата со други видови сторители како што се жени-сторители, злоупотребувачи на деца и сторители на насилство во други односи.
- Развивање/усвојување национални стандарди и механизми за следење на нивната имплементација.
- Утврдување системска евалуација на програмите за сторители.
- Законската рамка треба да ги опфати сите претходно споменати аспекти. Таа треба и да овозможи различни патишта на упатување до програмите за сторители.

Програмите за сторители во регионот сè уште не си го нашле местото во координираниот одговор на заедницата кон насилството врз жените и семејното насилство. Соработката често се сведува на упатување, наместо да биде заедничка работа на оперативно и стратешко ниво. Не постои тесна соработка меѓу програмите за сторители и другите специјализирани служби што работат со злоупотреба на супстанци или проблеми со менталното здравје. Иако во некои земји (Северна Македонија, Косово, Црна Гора) постојат механизми за упатување на сторителите на насилство соочени и со злоупотреба на супстанци,  добиени се информации дека овие програми се ограничени на лекарски / медикаментозен третман без фокус врз причините за насилството.

Соработката со службите за поддршка на жените се разликува меѓу земјите. Највисок степен на соработка е присутен во контекст во кој програмите се воспоставени од невладини организации за поддршка на жените, како Албанија, делови од Босна и Херцеговина и делови од Северна Македонија. Во Србија, ваквата соработка е ограничена на неколку градови, додека на Косово и во Црна Гора се спроведува на поопшто ниво (на пример, соработка при активности за подигање на свеста), а не во областа на работа со сторителите.

Во контекст на започнување програма за сторители, основен елемент на соработката со службите за поддршка на жените е воспоставување безбеден контакт и поддршка на жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство. Има само неколку практики каде оваа соработка е јасно дефинирана и каде се опишани улогите и надлежностите на секоја организација/стручно лице.

**Подобрувањето на координираните политики и соработката со службите за поддршка на жените во регионот** е една од клучните задачи за развој на програмите во иднина. Главните препораки во оваа смисла се:

- Секоја земја треба да развие сеопфатна рамка за соработка меѓу програмите за сторители и другите релевантни чинители. Програмите за сторители треба да бидат вклучени во работата на националните координативни групи за семејно насилство во земјата.
- Развивање тесна соработка на актуелните програми за работа со сторители со други специјализирани служби за работа со сторители кои злоупотребуваат супстанци или имаат проблеми со менталното здравје.
- Соработката со службите за поддршка на жените треба да се зајакне, особено во случаите на Србија, Косово, Црна Гора и делови од Босна и Херцеговина, каде што програмите не ги водат женски невладини организации.
- Утврдување јасни процедури за контакт и поддршка на жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство; ова е итна потреба во сите земји во регионот. Постојните програми, кои работат со сторители треба да ги ревидираат своите практики, да изготват и да спроведуваат процедури за контактирање со жртвите во секој случај, од аспект на проценка и превенција на ризикот по нивниот живот и здравје.

Иако практиките се разликуваат меѓу организациите и земјите, во многу случаи недостига родовата перспектива, а доминира клиничката или психоедукативната перспектива. Ова е особено важно на ниво на имплементација на програмата и нејзината наставна програма. Многу програми наведуваат дека ги вградиле родовите улоги, стереотипите и мажественоста во својата работа. Постојат некои програми кои не се занимаваат со овие теми и се фокусираат повеќе или исклучиво врз контролата на гневот, стресот и врз ненасилната комуникација.

Идентификуваните практики за проценка и управување со ризикот по животот и здравјето на жртвите во регионот претставуваат области на загриженост. Повеќето од мапираните програми немаат стандардизирани процедури за ризик што се применуваат во секој случај. Многу програми не користат алатки за ризик засновани на докази, додека некои не ја вклучуваат перспективата на жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство. Како начин за проценка и управување со ризикот по жените - жртви на родово-базирано и семејно насилство, некои програми користат психолошко тестирање и алатки, наместо посеопфатни процедури за проценка на ризикот засновани на докази. Некои се потпираат на проценката на ризикот од другите чинители, занемарувајќи ја динамичната природа на ризикот по животот и здравјето на жртвите.

Многу организации во регионот со сторителите работат главно индивидуално, а некои обезбедуваат исклучиво индивидуална работа. Потенцијалите на групната работа за поттикнување промени не се користат доволно поради малиот број сторители упатени во програмите, недостатокот на ресурси, програма или обука, или поради двоумењето што се должи на ставот на мажите кон групната работа. Многумина посочија дека групните програми за сторители се доста кратки, бидејќи опфаќаат 12 групни сеанси во Албанија и 16 групни сеанси во Северна Македонија и во делови од Босна и Херцеговина.[1] Знаејќи колку длабоко се вкоренети уверувањата што лежат во основата на насилното однесување, постои сомневање дали со вакви кратки програми може да се постигнат подолгорочни промени.

---

1 Ова се однесува на бројот на групни сеанси, а не на траењето на целата програма. Програмите обично имаат 2-4 индивидуални сеанси во фазата на прием, пред групната работа.

**Постои итна потреба од подобрување на родовата перспектива и примена на минимум стандарди на пракса.** Клучните препораки во оваа област се:

- Родовата перспектива треба да се примени на сите програмски нивоа. Таа треба да биде во основата на наставните програми за работа (во смисла на основни теми, принципи), обуката на персоналот, обликот на тимовите за кофацилитација (машки и женски фацилитатор), пристапот при работата со машки и/или женски клиенти.
- Програмите треба да се поддржат за јасно да дефинираат и да се придржуваат кон критериуми за прием коишто следат стандарди за безбедна практика, но и да ги земат предвид ресурсите и актуелните надлежности.
- Сите програми за сторители на родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство треба да ја анализираат својата практика од перспектива на ризик по животот и здравјето на жртвите и да ги направат потребните промени. Цврсто се препорачува секоја програма да изработи и да усвои стандардизирани процедури за ризик, или уште подобро, на ниво на земјата, стандарди или протоколи. Овие процедури треба да следат структурна стручна проценка како широко прифатен пристап во оваа област, да ја вградат перспективата на жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство и да користат еден од инструментите за ризик врз основа на докази (како SARA, DASH).
- Програмите за сторители се поттикнуваат да спроведуваат групна работа со сторителите на насилство и да го продолжат траењето на програмите за да постигнат подолгорочни ефекти.

# Препораки за поединечните земји: Северна Македонија

Северна Македонија има доста добра законска рамка која ги дефинира програмите за сторители, дава насоки и обезбедува квалитет преку националните стандарди. Но, нејзината имплементација во пракса е слаба, има само два активни даватели на услуги во само еден град. Улогата на државата треба да биде поизразена при следење на спроведувањето на постоечките мерки и иницирање подобрувања во земјата. Клучните празнини се однесуваат на пристапноста до програмите за сторители. Треба да се направат одредени подобрувања во однос на безбедноста на жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство. Главни препораки се следниве:

**Зголемување на бројот на даватели на услуги.** Важно е програмите за сторители да бидат достапни барем во секој регион или во секој поголем град од земјата. Од суштинско значење е тие да не се додаваат само како уште една од многуте активности на стручните лица веќе ангажирани во некои државни служби, во кој било сектор. Според ова треба да се водат сите планирани активности, особено оние што веќе се предвидени во новиот Национален акционен план, каде е дефинирано да се воспостават 10 програми за сторители во земјата.

- **Дефинирање на конкретно одржливо финансирање.** За програмите треба да се утврдат конкретни и одржливи финансиски средства, така што да не бидат засегнати тековите на средства за жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство. Финансирањето треба да овозможи квалитетна работа во смисла на човечки, технички и просторни ресурси.

- **Подобрување на имплементацијата на законските решенија.** Важно е да се воспостават механизми за следење на имплементацијата на постојните законски решенија и тие да бидат предложени од надлежните институции.

- **Развивање на програми за сторителите во затворски средини.** Треба да се развијат конкретни програми за родово-базирано насилство во затворите и да се планира нивна имплементација низ целата земја. Овие програми треба да се поврзат со програмите за сторители во заедницата, со цел да се планира поддршка по издржување на казната. Во секоја фаза, важна е соработката со службите за поддршка на жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство.

- **Потребно е вклучување на мажите и момчињата,** активно да учествуваат во спречувањето на сите форми на насилство коишто се опфатени со Конвенцијата.

- **Подобрување на механизмите за обезбедување квалитет во земјата.** Се препорачува да се ревидираат постојните национални стандарди за работа со сторители или да се изготват оперативни протоколи каде подетално ќе се дефинираат проценката и управувањето на ризикот, како и контактот и поддршката на жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство. Се препорачува стандардите да имаат малку поширок пристап и да се дозволи да се развиваат други програми (со различно траење, наставна програма...). Исто така, евалуацијата на програмите треба да се интегрира во стандардите и да се реализира низ целата земја, применувајќи иста методологија и алатки во кои е вклучена перспективата на жените, кои доживеале родово-базирано и семејно насилство.

- **Развивање услуги за сторителите на сексуални деликти и други видови корисници (како што се жени-сторители, злоупотребувачи на деца, сторители на семејно насилство).** Секоја категорија на клиенти налага специфична програма што треба да се развие.

## The European Network for the Work with Perpetrators of Domestic Violence (WWP EN)

Founded in 2014, the European Network for the Work with Perpetrators of Domestic Violence (WWP EN) is a membership organisation with members including perpetrator programmes, research institutes, and victim/survivor support services. Today, we unite over 60 members across Europe for a common goal: accountable, effective, and victim-centred perpetrator work.

We believe that gender-based violence violates women's human rights and aim to create a gender equitable world by supporting member organisations in their work with those who choose to use violence in intimate partnerships, predominantly men.

As an umbrella organisation, WWP EN supports its members in offering and developing responsible, victim-focused perpetrator work. As part of our capacity-building, we offer innovative and essential training for perpetrator programmes. Additionally, we work to promote the Istanbul Convention together with a growing network of European and global partners.

To build a European dataset on the effectiveness of perpetrator work and support perpetrator programmes in showing their positive impact, WWP EN offers the IMPACT Outcome Monitoring Toolkit.

www.work-with-perpetrators.eu